Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 152/15, 192/15, 61/16, 172/16,64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/2019) и член 13 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.77/13,30/15 и 173/18), а во врска со член 75 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе:

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за катастар на недвижности**

1. Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за катастар на недвижности, бр.1003-1548/1 од 31.01.2019 година, бр.1003-1548/2 од 24.04.2019 година и бр.1003-1548/3 од 09.07.2019 се менува и дополнува на следниот начин:

- **Реден број 25 – Набавка на ГНСС ровери за МАКПОС системот** во колона 2-Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба зборовите**„Набавка на ГНСС ровери за МАКПОС системот“** се заменуваат со зборовите **„НАБАВКА НА ГНСС ресивери за МАКПОС системот“**, во колона 3-очекуван почеток на постапката(месец) зборовите**„мај“** се заменуваат со зборовите**„септември“**, во колона 5-Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари) вредноста**„1.900.000“** се менува со вредноста **„6.000.000“**, во колона 6-Вид на постапка зборовите**„поедноставена отворена постапка“** се заменуваат со зборовите**„отворена постапка“**.

- **Реден број 27 – зборовите „Набавка на Релативен гравиметар“ СЕ БРИШЕ“;**

- **Реден број 59- Услуги за обезбедување на објекти и вработени, во колона 5-** Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари) вредноста **„5.000.000“** се менува со вредноста **„2.500.000“**,во колона 6-Вид на постапка зборовите**„ отворена постапка“** се заменуваат со зборовите **„поедноставена отворена постапка“**.

- **Реден број 73-зборовите „Надзор на градежни работи“ СЕ БРИШЕ;**

- **Реден број 77-Одржување и репарирање на геодетски инструменти и опрема, во колона 5**-Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба без ДДВ(денари), вредноста **„200.000“** се менува со вредноста **„300.000“**;

- **Во делот Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки се додава реден број 91- НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА со проценета вредност од 20.000.000 денари без ДДВ со очекуван почеток во Октомври со отворена постапка;**

- **Во делот Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се додава реден број 92-ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ-АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ со проценета вредност од 3.500.000 денари без ДДВ со очекуван почеток во Септември со поедноставена отворена постапка;**

- **Во делот договори за рамковни спогодби за јавни набавки на стоки се додава реден број 93-Набавка на ГНСС ровери со проценета вредност од 2.500.000 денари (без ДДВ) со очекуван почеток на реализација во Септември со поедноставена отворена постапка;**

2. Во останатиот дел Годишниот план за јавни набавки за 2019 година, останува непроменет.

3. Со извршените измени и дополнувања наведени во точка 1 од оваа одлука вкупната вредност на проценетиот износ на Планот за јавни набавки за потребите на Агенцијата за катастар на надвижности за 2019 година се зголемува за 20.850.000 денари.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

У П Р А В Е Н О Д Б О Р
ПРЕТСЕДАТЕЛ

________________________

Ирма Мандева, с.р.